# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА
# ПО ОПШТЕТСВО
# ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| **НАСТАВНИ ТЕМИ** | |
|---|---|
| 1. ВО УЧИЛИШТЕ | 15 |
| 2. ВО ДОМОТ | 12 |
| 3. НАСЕЛЕНО МЕСТО | 9 |
| **ВКУПНО** | 36 |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ОПШТЕТСВО |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II– ВТОРО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Во училиште<br>2. Во домот<br>3. Населено место |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Компјутер, проектор, дигитални уреди: фотоапарат, телефон, телевизор, ЦД-уред.<br>✓ Видеоснимки од природни појави (поплави, земјотрес, пожар), од прослави – државни и семејни, фотографии, илустрации, списанија, весници, книги, учебник и сл. за поддршка на содржините/активностите поврзани со темите.<br>✓ Аудиозвуци од грмотевици, земјотрес, дување на ветар и други елементарни непогоди, звуци од традиционална музика, химната на Република Северна Македонија, новогодишни, божиќни, велигденски песни, празнични песни од другите етнички заедници и сл.<br>✓ Работни материјали (пластелин, различни боички, хартија во боја, украси, природни и вештачки материјали − конци, жица, кеси, ткаенина, балони, листови, цвеќиња, плодови, гранчиња, памук, лепак, ножици, зрна, пластични чаши и шишиња и сл.).<br>✓ Временска лента на настани, постапки, прослави...<br>✓ Плакати и нагледни средства за правилата за однесување, членовите на семејството – семејно стебло, празниците, домот, одделенската заедница, паралелката, насилното и ненасилното однесување, ракувањето со апарати, традиционалната облека и храна , природните убавини на местото на живеење и околината ,планини, реки, езера и сл. |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| | ✓ Сложувалки, логички плочки, реквизити: семафор, знакот стоп, стетоскоп и сл., предмети од околината, апарати за домаќинство, традиционална облека, работни униформи, сообраќајни знаци, крстосница, превозни средства...<br>✓ Играчки за поддршка на содржините/активностите (игра Не лути се човече, градинарски алат, прибор за лична хигиена и хигиена во домот, кујнски апарати, сетови за професии – докторски, шивачки, фризерски, занаетчиски прибор и сл., коцки за конструирање, сообраќајни знаци, крстосница, автомобили, камиони, авиони и сл.). |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Подрачје: Општество и демократска култура**

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус); |
| VI-A.6 | -да пепознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.10 | да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди; |
| VI-A.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| | чувство на припадност кон државата. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

**Подрачје: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура.**

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример: ученик, син/ќерка); |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.1 | грижата за сопственото тело и редовното практикување физички активности е важен услов за обезбедување физичко и ментално здравје; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува |

| | |
|---|---|
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ОПШТЕСТВО** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ВО УЧИЛИШТЕ** | Време на реализација 15 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ ги препознава и разликува училишните простории, да именува кој работи во училиштето и да ја опишува улогата (одговорноста) на вработените во училиштето;
- ✓ ја опишува постапката за избор на раководство на одделенската заедница и нејзините тела и да ја објаснува улогата на одделенската заедница;
- ✓ ги наведува, опишува и разликува посакуваните особини на учениците;
- ✓ ги наведува, опишува и разликува постапките на посакувано и непосакувано однесување на учениците.

**<u>Ученикот/ученичката ќе развива</u>**:

- ✓ развива вештини за донесување одлуки во група;
- ✓ развива свест за почитување на различности врз основа на пол, јазик и можности.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени во училиштето /**<br><br>(директор, педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар, хигиеничар) | Ја наведува улогата на вработените во училиштето (наставник, директор, педагог, психолог, дефектолог, библиотекар, хигиеничар) и прави разлика во нивните задолженија. | 1 | •Учениците преку разговор се искажуваат како се викаат наставниците кои им предаваа во прво одделение и по кој предмет (одделенски наставник, наставник по ФЗО и наставник по англиски)<br>•Одговараат на прашања за познавање на вработените во училиштето:<br>• Со кои други вработени се запознавте во прво одделение?<br>• Кој ја организира работата на целото училиште?<br>• Кој се грижи за хигиената во училиштето и училишниот двор?<br>• Кому ќе се обратиш доколку сакаш да позајмиш книга од училишната библиотека? | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>звучници<br><br>учебник(8-11 стр)<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Ги именува вработените во училиште и ги знае нивните задолженија |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени во училиштето /**<br><br>(директор, педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар, хигиеничар) | . | | •Преку проектор се истакнуваат слики од професии во училиштето и учениците според свои предзнаења се искажуваат за нивната работа(во прво одделение се посетени вработените и се запознаени со нивната работа)-*учебник стр.8,9,10*<br>•Учениците ги запишуваат вработените во училиштето во тетратка и заокружуваат која професија би сакале да ја работат. Зошто?<br>*Предлог активности за време на продолжен престој или во домашни услови*<br>- Едуино лекција- Вработени во училиштето -прво одд<br>https://www.youtube.com/watch?v=-aZrdbSPTKo | | |
| | | 1 | •Учениците извлекуваат слики на кои се претставени вработени во училиште(исечени слики од стари учебници)ги именуваат, се искажуваат што знаат за таа професија(стр.8-10)<br><br>Библиотекар/ библиотекарка<br><br>Дефектолог<br>•Учениците преку игра на улоги симулираат ситуации:<br>**„Јас како вработен во училиште – директор, педагог/психолог, наставник, библиотекар, техничка служба, хаусмајстор“.** По секоја симулирана ситуација се поведува дискусија за работните обврски на секоја од наведените професии. Откако дискусијата ќе заврши, секој ученик лепи сликичка/картонче со називот на професијата на табела на која има напишано ТЕШКО и ЛЕСНО. Картончето го поставува на местото за кое мисли дали таа професија е тешка или лесна, а во исто време и се изјаснува зошто така мисли.<br>• Извлекување заклучок за придонесот на секој вработен во училиштето( образование, воспитание, безбедност, сигурност и правилен развој на секој ученик)<br>*Предлог за реализација на оваа активност на час за Слободни изборни активности* | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(8-11 стр)<br>исечени слики од стари учебници<br><br>картонче со називот на професијата<br><br>селотејп | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Ги именува вработените во училиште и ги знае нивните задолженија<br><br>Придонес во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени во училиштето /** (директор, педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар, хигиеничар) | | | • Учениците се ставаат во улога на новинари. Влечат картички на кои се запишани професиите на вработените во училиштето (директор/директорка, наставник, психолог/педагог, дефектолог, библиотекар, педагог, хигиеничар/ хигиеничарка и сл.).<br>Се формираат групи според професијата. Добиваат задача да состават прашања за интервју со вработените од соодветната професија која им се паднала на картичките.<br>Секоја група одредува ученик новинар кој ќе го води интервјуто, ученик фотограф (кој ќе слика со дигитален апарат) и ученик помошник кој ќе запишува. Откако ќе се изведе интервјуто, секоја група презентира пред соучениците. Учениците воочуваат сличности и разлики меѓу професиите и ја воочуваат потребата од нив.<br>•Надоврзување на претходната активност:<br>Наставникот одбира по неколку карактеристики од секоја професија и во описите кои претходно ги подготвиле учениците додава и по неколку неточни информации. Учениците имаат задача да ги препознаат невистинитите информации и да објаснат зошто се неточни. Наставникот низ дискусија објасни дека понекогаш се случува во информациите што доаѓаат до нас да има и погрешни или недоволно точни. Заеднички се заклучува дека е еопходно да се приоверува точноста на информациите пред да им се верува. | | |
| **Просторна организација во училиштето** (училница, канцеларија, библиотека, тоалет, кујна, спортска | Ги препознава и именува просториите и канцелариите во училиштето – училници, канцеларија на директорот, | | • Учениците преку прашања се искажуваат што знаат за просториите во училиштето(проверка на предзнаења од прво одделение)<br>• Како се вика твоето училиште?<br>• Во кое одделение учиш?<br>• Како се вика просторијата во која учиш? | компјутер<br>бела табла | Усни одговори на прашања со целосна реченица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| сала, кабинет, училиштен двор) | педагогот, психологот и другите стручни соработници, библиотеката, кујната, тоалетите, спортската сала, училишниот двор и сл.<br><br>Ја опишува намената на секоја од просториите во училиштето. | 1 | • Наброј ги и просториите од училиштето кои си ги користел/ користела?<br>• Кои се правилата за однесување во училишните простории?<br>• Учениците преку слики од учебник се искажуваат за сите простории во училиштето и дискутираат за нивната намена. (*доколку е направена посета во прво одделение, се дискутира според сликите,а може да се посетатат дел од просторитте и за време на часот или за време на продолжен престој)*<br>• Учениците играат „Меморија“ во мали групи или парови(картички на кои се прикажани различни професии во училиштето и просториите во кои работат). На една страна се постеавени картичките со професии,а на друга просториите во кои работат. Гласно се читаат професиите и просториите штом го пронајдат парот и составуваат реченица<br>Пр: библиотекар – библиотека<br>Библиотекарот работи во библиотека.<br>*Предлог активности за време на продолжен престој или во домашни услови*<br>I одделение - Општество - Запознавање на просторите и вработените во училиштето<br>https://www.youtube.com/watch?v=LaVHN2pCgEo | маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(11-13 стр)<br><br>картички за игра меморија со имиња на простории и имиња на професии | Ги именува просториите во училиштето<br><br>Ја знае намената на просториите во училиштето<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Го прикажува патот од училницата до спортската сала, канцелариите на стручните соработници, кујната, тоалетите, | | •Активност за повторување на просториите во училиштето<br>Банка на зборови(учебник стр.14)<br><br><br>•Учениците се насочуваат да размислат и одговорат:<br>• Која просторија се наоѓа лево/десно/спроти нашата училница? | компјутер<br><br>бела табла | Усни одговори на прашања со целосна реченица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просторна организација во училиштето**<br><br>(училница, канцеларија, библиотека, тоалет, кујна, спортска сала, кабинет, училиштен двор) | училишниот двор | 1 | • Како треба да се однесуваш додека се движиш по училишниот ходник и скалите?<br>• Како ќе одиш од нашата училница до библиотеката,тоалетот, спортската сала...?<br>(користење на изрази: лево, десно, напред, назад, нагоре, надолу, околу,<br>• Зошто е потребно да знаеш каде и како да се движиш во училиштето?<br>• Кои правила се важни да се почитуваат додека се движиме низ училиштето?<br>Може да се изработи постер со правила:<br>• Не трчај и не се туркај со другарчињата по скалите и ходникот.<br>• Внимавај на хигиената.<br>• Секогаш помогни му на другарчето кое не знае каде се наоѓа некоја просторија.<br>• Поздравувај ги вработените кога се движиш низ училиштето и училишниот двор.<br>*Предлог за реализација на оваа активност на час за Слободни изборни активности*<br>Учебник стр.17 - Во празното поле нацртај го твојот пат од училницата до училишниот двор. | маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(14-15 стр)<br><br>картички за игра меморија со имиња на простории и имиња на професии | Знае да се ориентира во училишниот простор(го знае патот од една до друга просторија)<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Одделенска заедница**<br><br>(претседател, заменик претседател, постојани тела, привремени тела) | Ја опишува постапката за избор на раководство на одделенската заедница и нејзините тела. | 1 | •Учениците се искажуваат кои активности ги изведуваат во одделението, начин на работа (индивдуално, во пар, во групи), како решаваат некој проблем кога ќе се случи и сл.<br>•Се насочуваат да размислат како го разбираат поимот **одделенска заедница.**<br>•Следат објаснување за значењето(стр.18 и 19) и кој го сочинува раководство на одделенската заедница и нејзините тела(претседател, заменик претседател, постојани и привремени тела). | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае кој ја сочинува одделенската заедница |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одделенска заедница**<br><br>(претседател, заменик претседател, постојани тела, привремени тела) | Ја објаснува улогата на одделенската заедница во застапување на интересите на учениците. | | •Соодветно на возраста се објаснува улогата на раководството на ОЗ(стр.19)<br>•Учениците се насочуваат да размислат кои особини треба да ги има претседателот на одделенската заедница. Нивните искази наставникот ги запишува на табла. Секој ученик наведува кој од соучениците ги поседува сите или најголем дел од особините. (ова е важно да го знаат сите кои ќе се кандидираат за престедате на одделение)<br>•Учениците преку прашања се искажуваат колку научија за  одделенската заедница и нејзиното раководство<br>• Кој ја сочинува одделенската заедница?<br>• Кои особини треба да ги поседува претседателот на одделенската заедница?<br>• Како треба да се однесува претседателот кон другите соученици?<br>*Насоки за следен час- подготовка за спроведување на постапка за избор на претседател на ОЗ)*<br>1. Што би направил/а за твојата паралелка кога би бил/а претседател на одделенската заедница?<br>2. Како би се однесувал со своите соученици? | учебник(18-20 стр) | Ја опишува постапката за избор на раководство на одделенската заедница и нејзините тела.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | 1 | Подготовка за спроведување на постапка за избор на раководство во одделенска заедница(претседател, заменик претседател и постојани тела)<br>Учениците се запознаваат со правилата:<br>-Кандидати за претседател треба да се претстават пред своите соученици<br>- Соучениците можат да поставуваат прашања на кандидатите.<br>-Избор на комисја  од три члена која ќе ги спроведе изборите. | компјутер<br><br>бела табла | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае кој ја сочинува одделенската заедница<br><br>Ја опишува постапката за избор |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одделенска заедница**<br><br>(претседател, заменик претседател, постојани тела, привремени тела) | | | - Учениицте добиваат лист со напишани имиња на учениците кои се пријавиле за претседател на одделенската заедница.<br>- Гласањето е тајно<br>- За претседател се избира ученикот кој освоил најголем број гласови.<br>- За заменик претседател се избира ученикот кој е второпласиран.<br>Спроведување на гласање зад импровизиран параван и ставање во гласачка кутија<br>Комисијата ги брои гласовите и се избира раководство<br>Изведување заклучок: Зошто е важно да се почитуваат правилата при гласањето?<br>*Предлог активности за време на продолжен престој или во домашни услови*<br>Се изработува постер со избраното раководство на одделенската заедница како и улогата на сите тела | маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(18-20 стр) | на раководство на одделенската заедница и нејзините тела.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одделенска заедница**<br><br>(претседател, заменик претседател, постојани тела, привремени тела) | Ја објаснува улогата на одделенската заедница во застапување на интересите на учениците.<br><br>Ги наведува правилата за донесување одлуки во група. | 1 | •Преку проектор се истакнуваат три реални ситуации во кои се нашле ученици од второ одделение. Се читаат, анлизираат и се бара да ги искажат своите размислувања (учебник стр.21)<br>• Како би ја решиле вие во вашата одделенска заедница?<br>Училницата преку дискусија ги определуваат правилата за донесување одлуки во група во врска со различни активности и барања (почитување на туѓо мислење, спроведување бура на идеи, гласање, постигнување консензус).<br>Учениците изведуваат заклучок колку е важно да се слушне сечие мислење, но да се завземе заеднички став по прашања кои се однесуваат на сите во одделението. Ја сфаќаат улогата на одделенската заедница во застапување на интересите на учениците, улогата на претседателот и членовите на работните тела.<br>Активност за размислување - Како се донесуваат решенија за некој проблем во одделенската заедница?<br>Учениците добиваат насока самостојно да прочитаат две ситуации(стр. 23), а потоа во пар да дискутираат која од нив е во ред и ја одобруваат,а која не ја одобруваат.<br>Потоа се читаат гласно ситуациите и се дискутира по прашања(стр.23)<br>• Се извадуваат заклучоци за правила за донесување одлуки во група:<br>• Правилата се донесуваат заеднички.<br>• Помагаат групната работа правилно и успешно да се одвива.<br>• Секој придонесува за успешна работа доколку ги почитува донесените правила. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(21-22 стр)<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(23 стр.) | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае дека одделеснката заедница ги застапува интересите на учениците<br><br>Ги наведува правилата за донесување одлуки во група.<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Ако некојне ги почитува и ги прекршува правилата на групата, треба да ги прифати последиците.<br>Индивидуална активност(учебник стр. 24)- Дополни ги исказите со точните зборови(Банка на зборови)<br>Пр. а) Секој од нас има право да го искаже своето __________.(мислење)<br>*Предлог за реализација на оваа активност на час за Слободни изборни активности*<br>Изработуваме постер со правила на работа и постер како би постапиле доколку некој ги прекрши правилата | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Посакувани особини на учениците**<br><br>(трудољубивост, истрајност, љубопитност, одговорност, чесност, соработливост) | Наведува кои особини се битни за постигнување успех во училиште (трудољубивост, истрајност, љубопитност, одговорност)<br><br>Објаснува зошто трудољубивоста, истрајноста, љубопитноста и одговорноста се битни за постигнување успех во училиште. | 1 | •Учениците се поделени во 3 групи. Во секоја група учениците прво индивидуално треба да прочитаат одредна ситуација, а потоа накратко во групата да дискутираат за особините кои ги имаат ликовите<br>1.Еколошка акција за селектирање на отпадот од училишниот двор – (кој ученик покажува трудољубивост и истрајност, а кој не)- стр. 25<br>2.Вторачиња тренираат кошарка со желба да успеат да постигнат кош. (Со истрајност до посакуван резултат).-стр.26<br>3. Развивање на интерес за истражување на селата во светото(Љубопитнорста да откриеме нешто ново, да истражуваме)-стр.27<br>Учениците се запознаваат со особините трудољубивост, истрајност, љубопитност и одговорност како битни за постигнување успех на училиште и воопшто во животот.<br>Индивидуална активност(стр. 27)- Учениците ги читаат исказите и ги поврзуваат со соодветната особина.<br>**Пр.**<br>**Ако сакам да научам течно и точно да читам треба да бидам**<br>трудољубив љубопитен истраен | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(25-27 стр) | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае дека трудољубивост, истрајност, љубопитност, одговорност се важни особини за постиднување успех<br><br>Учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Посакувани особини на учениците**<br><br>(трудољубивост, истрајност, љубопитност, одговорност, чесност, соработливост) | Наведува кои особини се битни за соработка со соучениците (одговорност, чесност, соработливост).<br><br>Објаснува зошто соработката со соучениците е битна за постигнување успех во училиште.<br><br>Наведува примери за однесувања кои се карактеристични за секоја од особините | 1 | •Учениците се поделени во 3 групи. Во секоја група учениците прво индивидуално треба да прочитаат одредна ситуација, а потоа накратко во групата да дискутираат за особините кои ги имаат ликовите<br>1.Однесување на Леон(одговорност- стр. 29)<br>2.Постапката на Фатмир.-(чесност стр.29)<br>3. Засадување и грижа за цвеќиња во училишен двор(соработка стр.30)<br>Учениците се искажуваат за одговорноста, чесноста и соработката се позитивни особини.<br>Извлекуваат заклучок дека тие ти помагаат да бидеш ценет и почитуван од другите.<br>- Одговорен кон работата<br>- Чесен во работата<br>- Соработлив со другите<br>Индивидуална работа-Учениците запишуваат која особина е прикажана на дадени слики (стр.30)<br>Пр. Соработка-заедно се грижат за чистење на околината  | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(29-30 стр) | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае дека одговорност, чесност, соработливост се важни собини за соработка<br><br>Учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Однесување во училиште** (ненасилна комуникација, почитување на разлики, агресивно однесување, насилство, навредување, исмевање) | Прави разлика меѓу постапки кои се карактеристични за насилна и за ненасилна комуникација.<br><br>Наведува примери за насилна и ненасилна комуникација во училиште. | 1 | • Со учениците се поведува разговор за што најчесто разговараат меѓу себе на часовите, за време на одморот.<br>• Дали е комуникација ако побараш моливче од своето другарче бидејќи твоето си го заборавил дома?<br>• Со кои зборови ќе побараш помош од твоето другарче?<br>• Како ќе се чувствуваш доколку тој не сака да ти помогне?<br>• А како ќе се чувствуваш ако не те повикаат заедно да играте или некој те навредува?<br>•Учениците се запознаваат со поимот комуникација и преку примери откриваат што е насилна, а што ненасилна комуникација.<br>На табла се запишува Т табела со кратки зборови за ненасилна и насилна комуникација<br>Се насочуваат да опишат ситуација во кои забележале насилна комункација:<br>- видео игра, цртан филм или филм во кој има сцени со насилство<br>-навредување/ исмевање на соучениците со користење навредливи зборови, измислување прекари, пцуење(симулација во мали групи или парови)<br>• . Што би се случило доколку филм или видео игра, туку реална?<br>• Се насочуваат да изведат заклучоци како можат да се избегнат насилните ситуации.<br>Последиците во вистинскиот живот се поинакви од последиците на ТВ или во видео игра (на пр., додека во видео игрите, ликот кој умира може повторно да „оживее“ само со стискање копче, во реалноста, доколку некој не удри, може да нè повреди, расплаче или може да нѝ е потребна дури и медицинска помош). | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(31-33 стр)<br><br>боички<br><br>лист од блок број 3 | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Прави разлика меѓу насилна и ненасилна комуникација.<br><br>Наведува примери за насилна и ненасилна комуникација во училиште.<br><br>Учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Однесување во училиште**<br><br>(ненасилна комуникација, почитување на разлики, агресивно однесување, насилство, навредување, исмевање) | | | *Корелација со час по ликовно образование или за време на слободни изборни активност*<br>• Учениците, поделени во групи, цртаат стрип (од три до четири сцени) преку кој прикажуваат насилна комуникација која се разрешува на ненасилен начин. | | |
| | Прави разлика меѓу постапки кои се карактеристични за агресивно и за неагресивно однесување. | | •Преку проектор се прикажуваат слики,а учениците треба да се искажат кое однесување го оправдуваат ,а кое не. Зошто?<br>се бара да опшиат какво однсување забележуваат на нив(стр.34)<br>Учениците одговараат на прашалник со искази што претставуваат агресивно или неагресивно однесување. За секој исказ учениците определуваат какво однесување е претставено и заеднички дискутираат за точноста на дадените одговори. | компјутер | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Прави разлика меѓу насилна и ненасилна комуникација. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Однесување во училиште**<br><br>**(**ненасилна комуникација, почитување на разлики, агресивно однесување, насилство, навредување, исмевање) | Наведува примери за агресивно и неагресивно однесување во училиште. | 1 | Учениците се поделени во парови/мали групи и добиваат насоки да смислат и изведат кратки драматизации преку кои ќе прикажат агресивно однесување.<br>- агресивно однесување насочено кон соучениците (плукање, буткање, удирање, кубење и сл.),<br>- агресивно однесување насочено кон инвентарот и другите предмети во училницата и училиштето (чкртање по мебелот, ѕидовите, постерите и изложените творби, шутирање ранци, кинење тетратки/книги, кршење гранки, уништување корпи за отпадоци).<br>По презентациите на групите се дискутира зошто прикажаното однесување е агресивно и каква штета нанесува. Заеднички се констатира дека сите ученици се одговорни да спречат такво однесување.<br>Активност за размилсување и изведуање заклупок<br>**Причина – последица-решение**(стр.35) | бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(34-35 стр)<br><br>тетратка<br><br>боички | Наведува примери за насилна и ненасилна комуникација во училиште.<br><br>Учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Прави разлика меѓу постапки преку кои се покажува почитување и непочитување на туѓо мислење во училиште. | 1 | • Учениците се потсетуваат на правилата за работа во група кои сами ги носеа при формирање на одделенската заедница<br>Се искажуваат како го разбираат правилото: **Почитувај го мислењето на другиот**<br>Учениците се поделени во 4 мали групи. по две групи добиваат иста проблемска ситуација(учебник стр. 36)<br>Потоа со насоки од наставник се искажуваат како го решиле проблемот, дали сите с вклучиле во давање предлози и дали имаат задничко мислење прифатливо за сите.<br>Изведување заклучоци- стр.37.- Учениците следат искази за ситуации во кои се опишани постапки на почитување и непочитување на туѓо мислење во училиште и со помош на зелени и црвени картончиња одредуваат какви се ситуациите. За секој исказ, по кревањето на картончињата, учениците даваат образложение за дадениот одговор. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(36-37 стр)<br><br>боички<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Знае зошто е важно да го искаже своето мислење<br><br>Сфаќа дека сечие мислење е важно и треба да се почитува<br><br>Учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Однесување во училиште**<br><br>(ненасилна комуникација, почитување на разлики, агресивно однесување, насилство, навредување, исмевање) | Препознава ситуации на нееднакво постапување со момчињата и девојчињата во училиште.<br><br>Наведува примери за почитување и непочитување на разликите во различни контексти | 1 | • Игра – Пантомима:Погоди ја професијата<br>Се избираат две момчиња и две девојчиња да ги претставуваат активностите.Пр: Момчињата преку претходно извлечени картички со професија изведуваат играње балет, пеење во хор, а девојчињата играње фудбал и физичка работа(пренесување столчиња). Откако ќе се погодат сите активности, се дискутира за поделбата на „женски“ и „машки“ активности во училиште.<br>Секој ученик добива насока индивидуално да прочита кратка ситуација од секојдневниот живот во училиштето(стр.38) и потоа заедно се анализираат одговорите.<br>Учениците преку проектор следат слики од неколку професии во образование, здравство, полиција, војска, спорт, работа во кујна, фризерски салон, мода и се поведува разговор кои професии би сакале да ги работат кога ќе пораснат.<br>• Зошто?<br>• Дали има разлика меѓу професиите и дали може да речеме дека има машки и женски професии?<br>Се заклучува дека ни на училиште, ни во домот, ни на работните места нема поделба на машка и женска работа, туку секој избира што сака да работи според интересот, желбата девојчињата и момчињата, како и мажите и жените можат да бидат подеднакво добри во сите области од животот (пр. спортски активности, образование, уметности, кулинарство итн.), независно од родовите улоги што им се доделуваат.<br>*За време на слободни изборни активности* може да се проследат видеа од различни професии кои традиционално се сметаа за машки или женски.<br>*Фудбалер/фудбалерка*<br>https://www.youtube.com/watch?v=kypO-qhqlW0<br>*балетан/балерина* | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(38-39 стр)<br><br>боички<br>тетратка | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Препозава сутуации во реалниот живот на поделба на работи според полот и објаснува зошто е тоа неправилно<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Однесување во училиште**<br><br>(ненасилна комуникација, почитување на разлики, агресивно однесување, насилство, навредување, исмевање) | | | https://www.youtube.com/watch?v=Fc1K6S97TSc<br>трчање на 100 метрти-машки<br>https://www.youtube.com/watch?v=6NhA2FruX5Q<br>трчање на 100 метри-женски<br>https://www.youtube.com/watch?v=kHy_ibkHS7w | | |
| | Препознава ситуации во кои се покажува почитување и непочитување на лица кои зборуваат на јазик различен од сопствениот.<br><br>Препознава ситуации во кои се покажува почитување и непочитување на ученици кои имаат потреба од помош и поддршка (на пример: деца во количка, со оштетен вид/слух, со недоволно познавање на јазикот). | 1 | • Со учениците се поведува разговор дали имаат комуницирано со деца кои зборуваат на друг јазик(пример се запознале на летен одмор) и како се разбирале меѓу себе.<br>• Дали јазикот беше пречка за да се дружите?<br>• Како ги надминавте потешкотиите?<br>• Кои јазици се учат во основно училиште?<br>• Дали би сакале да научите и некој друг јазик и зошто?<br>Учениците следат искази за ситуации во кои се опишани постапки на почитување и непочитување на ученици кои зборуваат на јазик различен од нивниот и со помош на зелени и црвени картончиња одредуваат какви се ситуациите. За секој исказ, по кревањето на картончињата, учениците даваат образложение за дадениот одговор.<br>Преку насочени прашања учениците се искажуваат кои разлики постојат помеѓу луѓето и како да се почитуваме, соработуваме и да си помагаме.(виисна, тежина, физички изглед, пол, раса, вера интелектуални и физички способности. (стр.42,43,44)<br>• Како ќе помогнеме на другарче кое има намален слух, вид или способност за движење во училницата?<br>*Оваа активност може да се изведе како заклучок за време на продолжен престој или во слободни изборни активности*<br>Во отворен простор се поставуваат препреки од столчиња и клупи. Се избираат три ученици. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>маркер<br><br>проектор<br><br>учебник(40-44 стр)<br><br>тетратка<br><br>марама | Усни одговори на прашања со целосна реченица<br><br>Препозава сутуации во реалниот живот на почитување/непочитување на лица кои имаат потреба од помош и поддршка(физички хендикеп, непознавање на јазикот и сл)<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Наведува примери за почитување и непочитување на разликите во различни контексти | | 1. Еден ученик со врзани очи добива задача да помине од едниот до другиот крај на просторот без никој да му помага. (Се очекува да налетува на препреките и да му биде тешко да продолжи во посакуваниот правец.)<br>2. Другиот ученик, со врзани очи добива истата задача, но двајца ученици му кажуваат како да се движи за да ги избегне препреките.<br>3. Третиот ученик со врзани очи, ја добива истата задача, но еден ученик го фаќа под рака и го пренесува на другиот крај од просторот.<br>Низ дискусија се споредуваат трите ситуации за да се констатира кога е, а кога не е почитуван ученикот кој има потреба од помош и поддршка. Се осудуваат постапки за непочитување на соученици во количка, со оштетен вид/слух, со недоволно познавање на јазикот и се нудат примери за постапки како да се покаже почитување. | ниски пречки,<br><br>маркери<br><br>столчиња | |
| | Оценување на наученото | 1 | Активности за проверка на совладаноста на резултатите за учење од Тема 1- Во училиште | Работен лист | Решенија во работен лист |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| **Предмет : ОПШТЕСТВО** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
|---|---|
| **Наставна тема : ВО ДОМОТ** | Време на реализација 12 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ – Битола |
| **Адаптирале**: | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ ги препознава и именува сите членови на поширокото семејство и да ги разбира роднинските врски меѓу нив;
- ✓ ги наведува и опишува семејните празници и начинот на нивно прославување;
- ✓ ги препознава и разликува просториите во домот според намената и основните елементи/апарати во нив;
- ✓ ги наведува, опишува и разликува посакуваните особини на децата во домот/семејството;
- ✓ објаснува како треба да се заштити од земјотрес, поплава, пожар и сл.

**Ученикот/ученичката ќе прифати дека:**

- ✓ меѓусебно почитување на членовите на домот/семејството;
- ✓ безбедно ракување со апаратите во домаќинството;
- ✓ соодветно постапување при елементарни непогоди.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пошироко семејство и семејни прослави** (пошироко семејство, семеен празник/прослава: свадба, именден, слава; роднини: баба/дедо, тетка/тетин, вујко/вујна, стрико/стрина, братучеди) | Ги наведува членовите на поширокото семејство и ги објаснува роднинските врски меѓу нив. | 1 | •Бура на идеи – Семејство<br>Учениците кажуваат зборови и ги запишуваат на таблата).<br>•Учениците одговараат на прашања:<br>• Од кои членови е составено твоето семејство?<br>• Кои други членови на семејството знаеш, а не живеат со вас?<br>•Преку краток текст учениците се воведуваат во правење на разлика на роднинската врска на членовите (пр: вујко, вујна, стрико, стрина, тетин, тетка, братучеди). | Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла<br>маркер<br>Учебник стр.48-50<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br>Ги знае членовите на потесното семејство<br>Правилно ги именува членовите на |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="3">Пошироко семејство и семејни прослави<br>(пошироко семејство, семеен празник/прослава: свадба, имenден, слава; роднини: баба/дедо, тетка/тетин, вујко/вујна, стрико/стрина, братучеди)</td>
<td></td>
<td></td>
<td>Учениците кои имаат стрико, стрина, вујко, вујна, тетка, тетин, братучеди споделуваат по нешто за нив: како се викаат, каде живеат итн.<br>•Наставникот преку проектор истакнува напишани куси текстови (по можност стихови) за: стрико/стрина, вујко/вујна, тетка/тетин, братучеди. Стиховите се со испуштени зборови. Учениците, поделени во мали групи, ги читаат стиховите и на празните линии ги додаваат соодветните зборови (кои ги избираат од понудени). Потоа целосно се читаат стиховите.<br>•Изведуваат заклучоци за пошироко семејство- роднини со кои треба да се почитуваме, дружиме, помагаме и поддржуваме<br>Предлог активности- стр. 48-50<br>Изработка на семејно дрво(време на други активности- продолжен престој)</td>
<td></td>
<td>поширокото семејство<br><br>Придонес во изведување заклучоци</td>
</tr>
<tr>
<td rowspan="2">Го наведува поводот за прослава на семејните празници: свадба, слава, именден, роденден.<br><br>Опишува како се прославуваат семејните празници.</td>
<td>1</td>
<td>•Неколку ученици извлекуваат картички со зборови на кои се испишани неколку празници:<br>Велигден, Нова година, роденден, именден, Ѓурѓовден, Василица, Бадник, Божиќ, Бајрам, слава, крштевка, свадба, Петровден и сл...<br>Се открива значењето на секој од нив и се прави разлика кои се празници кои се празнуваат во секој дом, кои се семејни, кои се православни, а кои државни...<br>Се издвојуваат семејните празници- роденден, именден, свадба, слава.<br>Учениците добиваат насоки да размислат кои прослави ги слават во својот дом и да напишат или усно да се искажат како ги прославуваат.<br>Моето семејство прославува...<br>Активности стр.50-54</td>
<td rowspan="2">Картички со зборови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.50-54<br><br>Тетратка<br><br>Хамер</td>
<td rowspan="2">Усни одговори на прашања<br><br>Знае зошто се слават некои семејни празници<br><br>Опишува како се прославуваат семејни празници во нивниот дом<br><br>Придонес во изведување заклучоци</td>
</tr>
<tr>
<td>1</td>
<td>•Симулации на прослави во домот- прикажуваат како се пречекуваат гостите, како тече свеченоста и како се испраќаат гостите. На крај дискутираат за поводот за празнување на секој од прикажаните празници</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пошироко семејство и семејни прослави**<br>(пошироко семејство, семеен празник/прослава: свадба, имenden, слава; роднини: баба/дедо, тетка/тетин, вујко/вујна, стрико/стрина, братучеди) | | | *Активности стр.50-54*<br>*Изработка на мини постер во групи- семејни прослави*<br>*Едуино лекција- Прославување на семејни празници(прво одд.)*<br>*https://www.youtube.com/watch?v=-psG0VwqOls* | Сликички<br><br>лепило | |
| | Прави разлика меѓу секојдневното и празничното облекување.<br><br>Прави разлика меѓу секојдневната и празничната трпеза и начинот на однесување за време на јадење. | 1 | •Учениците се поттикнуваат да размислат како се подготвуваат во нивниот дом кога подготвуваат некоја семјна прослава(роденден, имenden, слава, свадба ...)<br>•Читање на краток текст стр.55 и разговор низ прашања. Се поведува дискусија за односот кон празникот- начин на облекување, уредување на домот, поставување на свечена трпеза/се прави споредба со секојдневните активности и празничните(развивање и негување на културни навики )<br>•Активности стр. 56, 57<br>•Учениците се поделени во групи. Добиваат задача да селектираат на една страна слики со облека и трпеза во домот за време на семејни празнувања, а на друга секојдневна облека и трпеза во нивниот дом. **Пример:**<br>- Слики со различни видови облека (тренерки, пижами, секојдневен фустан, панталони, чевли, патики, свечен фустан, кошула, вратоврска, дуксер и сл.).<br>-слики со свечено поставена трпеза и слики со секојдневна трпеза.<br>•Се изведуваат заклучоци за разликата меѓу секојдневното и празничното облекување-за свадба и за другите семејни прослави, за начинот на кој се служи храната во различните прилики, соодветно однесување при јадење (дека се цвака со затворена уста, дека не се зборува додека се цвака, како се користи приборот за јадење).<br>Учениците симулираат примена на секое од правилата. | Картички со зборови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.55-57<br><br>Тетратка<br><br>Хамер<br><br>Сликички<br><br>лепило | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу секојдневно и празнично облекување.<br><br>Прави разлика меѓу секојдневна и празнична трпеза и<br><br>Развива културни навики на однесување за време на јадење.<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Простории, мебел и апарати во домот**<br><br>(кујна, дневна соба, спална соба, трпезарија, детска соба, ходник, тоалет, подрум/визба, гаража, шпорет, фрижидер, телевизор, правосмукалка) | Ги разликува просториите во домот според намената.<br><br>Прикажува (на цртеж/скица) еден дом што има кујна, дневна, спална, детска соба, тоалет и ходник.<br><br>Ги наведува основните елементи на мебелот/ апаратите карактеристични за секоја просторија во домот.<br><br>Ги прикажува (на цртеж/скица) основните елементи на секоја од просториите во еден дом/стан. | 1 | •Учениците се искажуваат за својот дом, кои простории ги имаат и зошто служат.<br>Преку проектор наставникот прикажува различни простории од домот, а учениците именуваат како се опремени(мебел, апарати карактеристични за секоја професија)<br>•Учениците извлекуваат картички со зборови на кои се испишани зборови кои означуваат елементи од мебел, апарати, покуќнина.<br>На таблата се запишани просториите во домот<br>Учениците ги лепат сликичките под соодветниот збор.<br>Пр. ТОАЛЕТ( чешма, бојлер, када, миалник, тушкабина, шкафче, крпи...<br>•Учениците се поделени во групи. Секоја група добива по една „просторија“ (пример: кутија со сликички на мебел од трпезарија) и еден по еден ученик од групата зема сликичка од кутијата и го именува нацртаниот мебел. Потоа учениците дискутираат за што се користи мебелот, од што е направен и како изгледа, како и за намената на секоја од просториите.<br>•Ги обојуваат сликичките и ги лепат на лист од блок<br>Нашата трепезарија, Нашето купатило,Нашате кујна... | Картички со зборови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.58-59<br><br>Тетратка<br><br>Лист од блок<br><br>Сликички<br><br>лепило | Усни одговори на прашања<br><br>Ги именува и разликува просториите во домот<br><br>Ги наведува елементите на мебелот и апаратите во секоја просторија<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| | Ги набројува основните апарати во домаќинството и ја објаснува нивната намена.<br><br>Објаснува како безбедно се ракува со основните апарати во домаќинството. | 1 | • Учениците преку краток опис на ситуација се искажуваат кој апарат им е потребен за да ја извршат одредената активност во домот.(стр.60)<br>• Да се исперат алишта<br>• Да се исуши кога<br>• Да се подготви ручек и сл.<br>Учениците следат насоки од наставник:<br>✓ извлекуваат сликички со апрати од домот<br>✓ го именуваат прикажаниот апарат<br>✓ ја кажуваат неговата намена | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер | Усни одговори на прашања<br><br>Ги именува основните апарати во домот |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ✓ правилно и безбедно да се користи апаратот<br>(на пример: вратата на фрижидерот не се држи отворена, ринглата се исклучува по употреба, телевизорот е вклучен само кога се гледа нешто итн.).<br>• Игра- ЗА и ПРОТИВ<br>Наставникот поставува прашање. Пр.<br>• Кој апарат во домот е поважен, шпоретот или фрижидерот?<br>Учениците кои се изјаснуваат за шпоретот застануваат на една страна, а оние за фрижидерот на друга страна. Објаснуваат зошто така мислат. Играта продолжува и за некои други апарати (телевизор и компјутер). Учениците потоа ја бранат заземената страна, а на крајот се заклучува дека сите апарати во домот имаат свое значење во олеснувањето на секојдневните обврски на луѓето.<br>Едуино лекција - Апарати во домаќинство(2 одд)<br>https://shorturl.at/Aoquz | Учебник стр.60-62<br><br>Тетратка<br><br>Сликички<br><br>лепило | Знае како безбедно да ракуви со некои од ние<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| **Посакувани особини на децата во домот/семејството**<br><br>(одговорен/одговорна, грижлив/грижлива, уреден/уредна, вреден/вредна) | Наведува кои особини се битни да ги поседуваат децата во домот/семејството (одговорни, грижливи, уредни, вредни).<br><br>Објаснува зошто е битно децата да бидат одговорни, грижливи, уредни, вредни во домот/семејството. | 1 | Учениците се искажуваат кои обврски во домот ги имаат членовите во семејството(возрасните и децата)<br>• Кои се твоите обврски во домот?<br>• Дали се придржуваш кон твоите обврски во домот?<br>Внимателно читаат краток текст во себе и одговараат на прашања за особините на Мила.(стр.63)<br>Зошто Мила е одговорно девојче?<br>- ја затвора чешмата<br>- го сиклучува светлото<br>- ја уредува својата соба<br>- ја раскрева масата....<br>Потоа читаат друг текст (стр. 64) и на ист начин ги откриваат карактеристиките на Кујтим(грижливо дете)<br>Учениците во тетратка цртаат табела со 2 колони и запишуваат по 1-2 позитивни работи за себе | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>звучници<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.63, 64<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Знае кои позитивни особини треба да ги поседува<br><br>Се однесува одоговрно, грижливо во |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Посакувани особини на децата во домот/семејството<br><br>(одговорен/одговорна, грижлив/грижлива, уреден/уредна, вреден/вредна)</td>
<td></td>
<td></td>
<td><table><tr><td>Одговорно се однесувам кон...</td><td>Се грижам за ...</td></tr><tr><td>заклучува врата, пушта вода во тоалет, гаси светло кога легнува...</td><td>Милениче<br>Баба/дедо<br>Помала сестра<br>Растенија...</td></tr></table></td>
<td></td>
<td>својот дом и на училиште<br><br>Придонес во изведување заклучоци</td>
</tr>
<tr>
<td>Објаснува зошто е битно децата да бидат одговорни, грижливи, уредни, вредни во домот/семејството.<br><br>Наведува примери за однесувања кои се карактеристични за секоја од особините (одговорен/одговорна, грижлив/грижлива, уреден/уредна, вреден/вредна).</td>
<td>1</td>
<td>Внимателно читаат краток текст во себе и одговараат на прашања за особините на Марко и Марија. (стр.64)<ul><li>Зошто велиме дека Марко е уредно дете,а Марија не е?</li><li>Што треба да направи Марија за нејзината соба да биде уредна?</li></ul>Потоа читаат друг текст (стр. 65) и на ист начин ги откриваат карактеристиките на Фатиме и нејзиниот татко.<ul><li>Што значи да бидеш вреден/вредна?</li></ul>Учениците во тетратка цртаат табела со 2 колони и запишуваат по 1-2 позитивни работи за себе<br><br>Индивидуална активност стр.66<br>Банка на зборови-одговорна, уредно, грижи, вредно</td>
<td>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>звучници<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.65, 66<br><br>тетратка</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Наведува примери за позитивно однесување во својот дом и на училиште<br><br>Придонес во изведување заклучоци</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>•Повторување за електрични апарати во домот и зошто треба внимателно да се ракува со нив.<br>(може да се анализираат и слики -стр.67, 68)<br>Со учениците се поведува разговор за елементарна непогода пожар и какви предзнаења имаат за него.<ul><li>Што е пожар?</li><li>Како може да настане пожар?</li><li>Како може да се спречи пожарот?</li></ul></td>
<td>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>звучници</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Препознава причини поради кои</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Заштита од елементарни непогоди** (елементарна непогода, пожар, поплава, земјотрес) | Препознава елементарна непогода и ги именува најчестите елементарни непогоди (земјотрес, поплава и пожар).<br><br>Опишува што треба да се прави при земјотрес, поплава и пожар. | 1 | • Кого треба да повикаме?<br>Наставникот соодветно на возраста објаснува за причините кои може да предизвикаат пожар (невнимателно играње со кибрит, запалка, фрлање запалена цигара, неисправни електрични апарати, висока температура на отворено и сл. )<br>Учениците се насочуваат на внимателно следење на анимирани видеа со цел да се запознаат со неколку правила како да спречат или да се заштитат за време на пожар.<br>Пожар(видеата се на англиски јазик, наставникот им преведува и појаснува)<br>https://www.youtube.com/watch?v=AWHGdWOI4kw<br>https://www.youtube.com/watch?v=Xgc90CoJbDI<br>Изведување заклучоци со запишување на правила како да се заштитат во случај на пожар.<br>Важни телефони- Пожарна-193 | маркер<br><br>Учебник стр.67, 68<br><br>тетратка | може да настане пожар<br><br>Знае некои правила како да се заштити во случај на пожар<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| | | 1 | Учениците се насочуваат да одговорат на прашањето:<br>• Зошто по секоја употреба треба да провериш дали чешмата е затворена?<br>Преку слики (стр.69) учениците откриваат како може да се поплави еден дом и која е опасноста од поплава.<br>• Како може да настане поплава во природата?(стр.69,70)<br>Учениците следат слики од поплавени градови, села заради поројни дождови и изливање на реки.<br>Наставникот соодветно на возраста објаснува за причините кои мое да предизвикаат поплава.<br>Учениците се насочуваат на внимателно следење на анимирани видеа со цел да се запознаат со неколку правила како да спречат или да се заштита за време на поплава.<br>• Затворај ја чешмата!<br>• Повикај возрасен или 112! (број за итни случаи) | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>звучници<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.69, 70<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава причини поради кои може да настане поплава<br><br>Знае некои правила како да се заштити во случај на поплава |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Препознава елементарна непогода и ги именува најчестите елементарни непогоди (земјотрес, поплава и пожар). | | • Не се доближувај до извор на електрична енергија.<br>• На гази низ водата бос/боса.<br>• Не користи храна која била во допир со водата од поплавата.<br>Поплава - (видеата се на англиски јазик, наставникот им преведува и појаснува)<br>Поплава<br>https://www.youtube.com/watch?v=pi_nUPcQz_A | | Придонес во изведување заклучоци |
| **Заштита од елементарни непогоди** (елементарна непогода, пожар, поплава, земјотрес) | Опишува што треба да се прави при земјотрес, поплава и пожар. | 1 | Учениците се насочуваат да се искажат за поимот земјотрес.<br>• Дали знаете што е земјотрес?<br>• Дали имате доживеано земјотрес?<br>• Како се чувствувавте?<br>Учениците следат слики од градови, села, патишта, објекти оштетени од земјотрес.(стр.71,72)<br>Наставникот соодветно на возраста објаснува за причините кои предизвикуваат земјотрес.<br>Учениците се насочуваат на внимателно следење на анимирани видеа со цел да се запознаат со неколку правила како да се заштитат за време на земјотрес.<br>Земјотрес - (видеата се на англиски јазик, наставникот им преведува и појаснува)<br>https://www.youtube.com/watch?v=dJpIU1rSOFY<br>https://www.youtube.com/watch?v=MllUVQM3KVk | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>звучници<br><br>маркер<br><br>Учебник стр.71, 72<br><br>тетратка | Усни одговори<br><br>Препознава причини поради кои може да настане земјотрес<br><br>Знае некои правила како да се заштити во случај на земјотрес<br>Придонес во изведување заклучоци |
| | Оценување на наученото | 1 | Активности за проверка на совладаноста на резултатите за учење од Тема 2- Во домот | Работен лист | Решенија во работен лист |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| Предмет : **ОПШТЕСТВО** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : НАСЕЛЕНО МЕСТО** | Време на реализација 9 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ прави разлика меѓу село и град во поглед на големината и бројот на жители, објектите, стопанските дејности, начинот на живење и сообраќајот;
- ✓ ги применува правилата за движење на пешаците и велосипедистите во симулирани ситуации и да ги наведува правилата за однесување во автобус..

**Уеникот/ученичката ќе:**

- ✓ го цени живеењето во селска средина;
- ✓ развива сообраќајна култура.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Населено место**<br><br>(населено место, село, град, болница, полициска станица, противпожарна служба, трговски центар, банка, театар, музеј) | Идентификува град и село од фотографии.<br><br>Прави разлика меѓу село и град според големината и бројот на жители.<br><br>Ги препознава и опишува куќите и зградите во градовите. | 1 | •Наставникот подготвува повеќе илустрации на села (со ниви/градини околу куќите, со штали/фарми во близина на куќите) и на градови (со населби од згради, со збиени куќи во населба, со облакодери).<br>Учениците влечат по една илустрација и одговараат на прашања:<br>• Кои објекти ги препозна на илустрацијата со село? За што служат тие?<br>• Кои објекти ги препозна на илустрацијата со градот? За што служат тие?<br>• Опиши еден селски двор.<br>• Опиши градска населба. | Илустрации со села и градови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр. 76-78<br><br>Тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги знае разликите помеѓу град и село<br><br>Опишува куќи во село и куќи и згради во град<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Населено место**<br><br>(населено место, село, град, болница, полициска станица, противпожарна служба, трговски центар, банка, театар, музеј) | | | •Се изведуваат заклучоци за град и село како населени места:<br>-град(поголемо населено место, поголема површина, повеќе жители...)<br>-село(помало населено место, помала површина, помалку жители...)<br>•Учениците добиваат мини боенка-слика од село и слика од град кои ги лепат и бојат во својата тетратка(*активноста може да ја завршат во домашни услови или за време на продолжен престој*)<br>  | Мини боенки(град/сло)<br><br>Боички<br><br>лепило | |
| | Ги препознава и наведува објектите и институциите карактеристични за градовите (болница, полициска станица, противпожарна служба, трговски центар, банка, театар, музеј). | 1 | •Учениците преку проектор разгледуваат илустрација на град и се искажуваат кои објекти ги забележуваат(театар, библиотека, болница, полициска станица, банка, музеј, училиште, противпожарна станица и сл.)<br>Се искажуваат кои објекти ги има во нивниот град.<br>• Дали некои од овие објекти може да ги има и во село?<br>• Кој работи во болница/полициска станица/училиште и сл?<br>• Како треба да се однесуваме кога ќе одиме на театар или во музеј?<br>•Учениците се делат во групи и секоја група изработува макета на еден од објектите и институциите карактеристични за градовите (болница, полициска станица, противпожарна служба, трговски центар, банка, театар, музеј). Од изработените макети на објектите/зградите (со обележување кој/која објект/зграда што | Илустрации со објекти од градови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр. 79,80<br><br>Тетратка<br>Лепило<br>Картонска амбалажа | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и именува објекти и институции карактеристични за градовите<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | претставува) заеднички составуваат макета на град (ги цртаат улиците меѓу нив и доцртуваат други работи по сопствен избор). Потоа дискутираат за самите објекти – ги идентификуваат и укажуваат на нивната намена.*(корелација со ликовно образование или слободни изборни активности)* | Самолеплива хартија<br><br>Боички лепило | |
| **Животот во село и животот во град**<br><br>(земјоделие, нива, сточарство, фарма, индустрија, фабрика, трговија, продавница, трговски центар) | Ги наведува и опишува основните стопански дејности карактеристични за селата (земјоделие и сточарство<br><br>Ги наведува и опишува основните стопански дејности по кои градовите се разликуваат од селата (индустрија и трговија). | 1 | •Учениците се поттикнуваат на размислување како настанува лебот и сите печива кои ги користат како ужинка.(стр.81). На пример: Се прикажува видео насловено - Од зрно до погача<br>*Едуино видео лекција*- Запознавање и разбирање на околината- Од зрно до погача<br>https://www.youtube.com/watch?v=MExQ_lwElJM<br>Патот на лебот од земјоделие/нива, преку индустрија/фабрика, до трговија/продавница.<br>Учениците откриваат за кои стопански дејности станува збор, како се меѓусебно поврзани и каде се застапени (во градска или селска средина)- стр.82.<br>•Наставникот соодветно на возраста на учениците ги запознава со различни стопански дејности (земјоделие, сточарство, индустрија и трговија), нивните карактеристики и поврзаноста меѓу нив преку слики, постери.<br>•Се дискутира за поврзаноста на селото и градот преку стопанските дејности.(стр.83)<br>Луѓето во селата најмногу се занимаваат со:<br>• Сточарство(одгледување домашни животни и птици -корист од нив).<br>• Земјоделство(одгледување овошје, зеленчук и житни култури и корист од нив)<br>Луѓето во градовите најмногу се занимаваат со: | Илустрации со објекти од градови<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр. 81-84<br><br>Тетратка Лепило<br><br>Боички<br><br>лепило | Усни одговори на прашања<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Наведува стопански дејсности кои се карактеристични за селата<br><br>Наведува стопански дејсности кои се карактеристични за градовите<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Индустрија (производство на различни производи)<br>• Трговија(продавање и купување на сето она што ќе се произведе во сточарството, земјоделството и индустријата) | | |
| **Животот во село и животот во град**<br><br>(земјоделие, нива, сточарство, фарма, индустрија, фабрика, трговија, продавница, трговски центар) | Ги наведува предностите на живеење во село (чист воздух, домашна храна, близина до природата, близина до домашни животни, слободен простор за играње).<br><br>Ги наведува предностите на живеење во град (близина на болница, ресторани на располагање, разновидни продавници, посебни игралишта за деца, живеење во зграда). | 1 | •*Корелација со македонски јазик(Текстот од стр. 85, 86 може содржински да се работи на час по македонски јазик)*<br>•Наставникот подготвува ливчиња, а на секое ливче е напишана по една предност на живеењето во село (чист воздух, домашна храна, близина до природата, близина до домашните животни, слободен простор за играње), односно на живеењето во град (близина на болница, ресторани на располагање, разновидни продавници, посебни игралишта за деца, живеење во зграда).<br>Учениците се делат во група СЕЛО и група ГРАД врз основа на ливчето.<br>•Групите смислуваат објаснение зошто она што е напишано на нивните ливчиња претставува предност за живеење во град/село. Потоа групите дебатираат – наизменично по еден од секоја група го дава објаснението за своето ливче.<br>•Во Венов дијаграм ги запишуваат предностите од живеење во град/село, а во пресекот заедничките предности. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр. 85,86<br><br>Ливчиња подготвени од наставник<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги наведува предностите на живеење во село<br><br>Ги наведува предностите на живеење во град<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| **Сообраќајот во населено место**<br><br>(улица, пешачки премин, тротоар, крстосница, велосипедска патика, булевар, | Ги применува сообраќајните правила за движење на пешаци во симулирана или сликовно прикажана ситуација | 1 | •Учениците се искажуваа по прашањето:<br>• Дали секој од вас е пешак?<br>• Што значи тоа?<br>•Преку слика се потсетуваат на сообраќајните поими и нивното значење: коловоз, пешачки премин, крстосница, тротоар, семафор, сообраќајни знаци. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла | Усни одговори на прашања<br><br>Разликува безбедно/ небезбедно движење во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| автобус, сообраќајни знаци и ознаки) | | | •Преку презентација следат илустрации/ видео во кои се прикажани пешаци кои ги почитуваат и не ги почитуваат правилата во сообраќајот (на улица, на тротоар и сл.). Ги анализираат ситуациите и се искажуваат во која ситуација пешаците се движат правилно/ неправилно (каде погрешиле и како треба да се движат правилно).<br>•Наставникот им презентира на учениците (преку видеопрезентација, со фотографии и сл.) безбедно движење во сообраќајот на пешаци во различни населени места(градови и села), движење во вечерните часови, како и движење на лоицата со оштетен вид(стр.90)<br>*Предлог активности:*<br>•Краток анимиран филм- Внимателно дете<br>https://www.youtube.com/watch?v=UOB3xDm6OLE<br>Сообраќаен буквар<br>https://www.youtube.com/watch?v=sPHXEjbcx?3Y<br>•Како да поминеш крстосница без семафор<br>https://www.youtube.com/watch?v=oqQW24M-j0o<br>•*Активноста може да се реализира за време на слободни изборни активности или во времето за продолжен престој* - Учениците во училишен двор или во непосредна близина на училиштето симулираат ситуации за (не)почитување на правилата во сообраќајот кога се во улога на пешак, притоа ги користат основните сообраќајни знаци и ознаки (знак стоп, знак за пешачки премин, знак за училиште и сл.)кои претходно самите ги изработиле на час по ликовно образование.<br>•Изведување заклучоци за безбедно движење во сообраќајот како пешаци. | Слики од сообраќајни ситуации<br><br>Презентација<br><br>Линкови со видеа од сообраќајни ситуации<br><br>Учебник стр. 87-90<br><br>тетратка | сообраќајот како пешак<br><br>Знае како треба правилно да учествува во сообраќајот како пешак<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците се насочуваат да размислат и да одговорат на прашањата:<br>• Кој знае да вози велосипед? | Компјутер | Усни одговори на прашања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сообраќајот во населено место**<br><br>(улица, пешачки премин, тротоар, крстосница, велосипедска патика, булевар, автобус, сообраќајни знаци и ознаки) | Ги применува сообраќајните правила за движење со велосипед во симулирана или сликовно прикажана ситуација. | 1 | • Каде и со кого се возите?<br>• Дали знаете како правилно да учествувате во сообраќајот како велосипедисти?<br>• Дали се чувствувате безбедни во сообраќајот? Зошто?<br>•Преку илустрации учениците се запознаваат со поимот велосипедска патека, сообраќајни знаци кои треба да се почитуваат кога се учесници во сообраќајот како велосипедисти. Анализираат правилно и неправично движење во сообраќај.<br><br>•Се анализираат правилата за велосипедисти (стр.92 и 93) и се изведуваат заклучоци зошто е важно да се почитуваат.<br>*Предлог активности:*<br>Сообраќаен буквар-Велосипед<br>https://www.youtube.com/watch?v=KKIzEJjYod8<br>Основни правила за велосипедисти<br>https://www.youtube.com/watch?v=84FoaRVD9zI<br>•*Активноста може да се реализира за време на слободни изборни активности или во времето за продолжен престој* - Учениците во училишен двор или во непосредна близина на училиштето симулираат ситуации за (не)почитување на правилата во сообраќајот кога се во улога на велосипедисти.<br>•Изведување заклучоци за безбедно движење во сообраќајот како велосипедисти.<br>•*Корелација со ликовно образование*- Изработка на сообраќајни знаци/постер за безбедно движење во сообраќајот како пешаци и велосипедисти. | Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Слики од сообраќајни ситуации<br><br>Презентација<br><br>Линкови со видеа од сообраќајни ситуации<br><br>Учебник стр. 91-94<br><br>тетратка | Разликува безбедно/ небезбедно движење во сообраќај како велосипедист<br><br>Знае како треба правилно да учествува во сообраќајот како велосипедист<br><br>Придонес во групни активности<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сообраќајот во населено место**<br><br>(улица, пешачки премин, тротоар, крстосница, велосипедска патика, булевар, автобус, сообраќајни знаци и ознаки) | Наведува примери за безбедно и небезбедно движење во сообраќајот како пешак и велосипедист.<br><br>Наведува разлика меѓу улиците и сообраќајот во град и село. | 1 | •Наставникот ја поделува таблата на 2 дела Учениците добиваат сликички со различни сообраќајни ситуации, сообраќајни знаци (користени на претходните часови). Учениците опишуваат што имаат на сликата, а потоа ја лепат на соодветната страна, во зависност од тоа дали се однесува за нив како учесници во сообраќај како пешаци или велосипедисти.<br>• На учениците им се презентира видеоматеријал во кој се прикажани улиците и сообраќајот во повеќе села со различна големина и улиците, булеварите и сообраќајот во повеќе градови различни по големина. Во дискусија учениците ги констатираат разликите меѓу сообраќајот во градот и селото.<br>•Квиз активност- Правилно/неправилно за проверка на стекнатите заење за движење во сообраќајот.<br>Предлог идеи за активности: https://veloschools.mk/tag/aktivnosti-za-vo-ucilnica/ безбедно движење во сообраќајот на пешаци и велосипедисти. | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>Слики од сообраќајни ситуации<br><br>Презентација<br><br>Линкови со видеа од сообраќајни ситуации<br><br>Учебник стр. 87-94<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Наведува примери за безбедно и небезбедно движење во сообраќајот како пешак и велосипедист.<br><br>Ја знае разлилата меѓу улиците и сообраќајот во град и село<br><br>Придонес во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ги наведува правилата за однесување на патниците во автобус. | 1 | • Учениицте внимателно слушаат текст кој илустрира возење во автобус во кој неколку деца несоодветно се однесуваат-стр.95. (на пример: викаат на глас, се буткаат, не се држат за држачите, се наведнуваат низ прозор, седат на две столчиња). По секое прикажано несоодветно однесување наставникот го прекинува читањето и бара од учениците да идентификуваат што било несоодветно и да укажат како би требало да се однесуваат за да биде соодветно. По наведувањето примери од сопствено искуство кога се возеле во автобус учениците заеднички ги изведуваат правилата за однесување на патниците во автобус(стр.96, 97)<br>Учениците изведуваат заклучок преку следење на видеото:<br>Сообраќаен буквар- деца во автобус<br>https://www.youtube.com/watch?v=bSQaRJDznHk | Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Бела табла<br><br>маркер<br><br>Учебник стр. 95,96<br><br>Ливчиња подготвени од наставник<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги наведува правилата за однесување на патниците во автобус.<br><br>Придонес во изведување заклучоци |
| Оценување на наученото | | 1 | Активности за проверка на совладаноста на резултатите за учење од Тема 3 – Населено место. | Работен лист | Решенија во работен лист |